Машински факултет
Број 02-649/2
7.03.2013 год.
Скопје

Врз основа на член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машински факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со Одлуката за утврдување на условите за обновување на статусот на студент и продолжување на студиите на Машински факултет во Скопје (Наставни планови воведени заклучно со 1997/1998 година) број 02-2917/1 од 25.10.2012 година, на предлог од Продеканот за наставна дејност, Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 29 ноември 2012 година ја донесе, а на седницата одржана на 7 март 2013 година ја дополни и го утврди пречистениот текст на следнава

# О Д Л У К А
## за организирање концентрирана настава за два наставни предмети
## - Пречистен текст -

1. Се организира концентрирана настава за два наставни предмета од научната област заварување за студентите кои на Машински факултет во Скопје во учебната 2012/2013 година го обновиле статусот на студент и студиите на Факултетот ги продолжиле со запишување на академските четиригодишни студиски програми по индустриско инженерство и менаџмент и по енергетика и екологија, организирани по кредит трансфер системот воведен во 2004/2005 година.

2. Наставата се организира во зимскиот и летниот семестар во учебната 2012/2013 година, за наставните предмети:
- заварување и сродни постапки од втор семестар со 5 ЕКТС на студиската програма индустриско инженерство и менаџмент;
- заварување и заварени конструкции од втор семестар со 5 ЕКТС на студиската програма енергетика и екологија.

3. Наставно-образовниот процес за предметите (настава и испити), ќе го покријат:
- проф. д-р Добре Рунчев за заварување и сродни постапки;
- проф. д-р Марјан Гаврилоски за заварување и заварени конструкции.

4. Наставата се организира по менторски принцип, концентрирано во месец декември 2012 година во зимскиот семестар, а во месец април 2013 година во летниот семестар.

5. Студентите кои ќе ги исполнат обврските по соодветниот предмет и добијат потпис од предметниот наставник во зимскиот семестар се стекнуваат со правото за полагање на испитот почнувајќи од зимската (јануарска), а за потписот во летниот семестар почнувајќи од летната (јунска) испитна сесија во тековната академска година и правото го задржуваат до завршувањето на студиите или до истекот на рокот за завршување на студиите.

Одлуката да се достави до: продекан за наставна дејност, наставниците, студентска служба, огласна табла, општа служба и архивата на Факултетот.

Декан

Проф. д-р Атанас Кочов